## РЕЧ НА ПРОФ. Д-р ДИМИТАР ДИМЕСКИ, РАКОВОДИТЕЛ НА ННСГ ЗА ИСТОРИЈА, НА СВЕЧЕНОСТА ПОСВЕТЕНА НА 20 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА СП. „ИСТОРИЈА“ И НА АКАД. ПРОФ. Д-Р СТЈЕПАН АНТОЛЈАК, ПО ПОВОД 75 ГОДИШНИНАТА ОД ЖИВОТОТ И 50 ГОДИШНАТА ТВОРЕЧКА ДЕЈНОСТ

Почитуван професоре,
Другарки и другари,
Драги гости,

Придружувајќи се кон честитките за 20 годишниот јубилеј на сп. „Историја“, орган на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, ја согледуваме неговата непроценлива улога за развојот и растежот на современата македонска историографска мисла. Оттаму, сите наши желби се свртени кон конечно разрешување на неговите сериозни финансиски проблеми, за да се овозможи натамошно непречено излегување на ова реномирано југословенско списание во ова наше балканско поднебје.

Необично ни е драго што овој јубилеен број на списанието „Историја“ е посветен на корифејот на современата македонска медиевалистика, големиот пријател на македонскиот народ, вљубеникот во нашето далечно минато, академикот, професор д-р Стјепан Антолјак, по повод 75 годишнината од животот и 50 годишната творечка дејност.

Во својата успешна ретроспекција за личноста и делото на проф. Антолјак, професорите Обад и Панов даваат сјајна претстава за еден вонредно осмислен животен пат, исполнет со крупни творечки резултати.

Несомнено, професорот Антолјак спаѓа во редот на водечките југословенски историографи со високо европско реноме. Воедно, тој е еден од врвните југословенски педагози. Неговата активна високошколска педагошка дејност се протега од Загреб до Скопје, Приштина и Задар во временски интервал од 1934—1979 година. Но тоа не значи дека по пензионирањето ја напушти својата педагошка вокација. Напротив, со импресивен елан ја продолжува својата педагошка дејност на философските факултети во Задар, Загреб и Скопје. Посебно импонира фактот што проф. Антолјак смогна сили, во оваа негова напредната возраст, да му излезе во пресрет на Филозофскиот факултет во Скопје по тешката загуба на Полјански, прифаќајќи ја поканата за реализација на наставата по предметот Теорија и методологија на историската наука, на постдипломските студии при ННСГ за историја.

Проф. Антолјак има неизмерни заслуги за развојот и растежот на Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет во Скопје. Неговиот престој кај нас е омеѓен во временскиот период од 1956—1969 година.

Во свежо сеќавање ми се раните 60-ти години кога како студент ја следев наставата на проф. Антолјак. Тогаш нѐ фасцинираше со својата енциклопедиска ерудиција, со зрелоста на мислите со високиот интелект. Нѝ изгледаше недопирлив со своите знаења, а сепак близок, пристапен, полн со

разбирања за проблемите на младите. Како човек е тивок, скромен, трудољубив, а како наставник—строг и правичен. Снажната импресија за него уште повеќе ми се продлабочи во учебната 1962/63 година кога поблиску соработувавме во својство на секретар и претседател на Советот на групата. Како претседател на Советот проф. Антолјак вложуваше вонредни напори за разрешување на студентските проблеми сврзани со наставно-образовниот процес. Притоа, посебно дојде до израз неговата грижа за проширување на студентскиот видокруг.

Колкав е неговиот придонес и на овој план се гледа од фактот што тој се вброи меѓу ретките наставници на нашиот Универзитет што издадоа универзитетски учебници. Неговите Извори за историјата на народите на Југославија—Среден век (1962 г.) и Помошните историски науки (1966 г.), се први дела за оваа проблематика во Југославија.

Кај нас проф. Антолјак реализираше настава по предметите Општа историја на Новиот век, Историја на народите на Југославија—Среден век, како и по Помошните историски науки, што тој прв ги воведе.

Непроценлива е неговата заслуга за изградбата на наставно-научниот кадар. Негови воспитаници се бројни генерации студенти, цела плејада магистри и доктори на науки. Меѓу нив денес има универзитетски професори, научни советници и академици. Така, меѓу другото, кај него хабилитирале Лапе, Соколоски и Томоски. Негов докторант, асистент, воспитаник и следбеник беше и Христо Андонов—Полјански, идниот лауреат на Наградата АВНОЈ, еден од најпродуктивните творци на современата југословенска историографија.

Во предвечерјето на прославата на проф. Антолјак, проф. Полјански во својот ректорски кабинет ги искажа следниве знаменити зборови: „Сите ние многу му должиме на проф. Антолјак. Без него нè ќе бевме она што сме!“ Зарем има поголема признателност за еминентниот учител од тоа што го искажа неговиот достоен ученик и следбеник!

Проф. Антолјак е познат и признат југословенски научник со значајно научно дело. Неговиот научен опус го красат над 270 библиографски единици, во кои се вброени и монографски трудови од крупно историографско значење. Во нив се третира релевантна проблематика од историјата на југословенските народи и народности, а во тој ред и од историјата на македонскиот народ. Оттаму, проф. Антолјак има посебна заслуга за развојот и растежот на македонската историографија, а специјално на македонската медиевалистика. Меѓу другото, учествувал во реализацијата на капиталните остварувања на современата македонска историографија, тритомната Историја на македонскиот народ (1969) и двотомните Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава (1981 г.)

Посебно се значајни неговите настапи на бројните меѓународни собири во земјата и во странство на кои аргументирано, со факти, ја бранел историската вистина на

македонскиот народ. Воедно, голем е неговиот придонес и за нашите научни гласила. Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, списанието „Историја“ и „Гласникот“ на Институтот за национална историја.

Сеуште, свежа ни е импресијата од вчерашната промоција на тритомната публикација „Средновековна Македонија” чии автори се професорите Антолјак и Панов. Оттаму, не случајно ова монументално дело од фундаментален карактер за македонската медиевалистика, ННСГ за историја во февруари годинава едногласно го предложи за доблесното републичко општествено признание, наградата „Гоце Делчев“ за 1986 година.

Придонесот на професорот Стјепан Антолјак кај нас не се ограничува само на ННСГ за историја и Филозофскиот факултет во Скопје, туку ги опфаќа и ИНИ, Архивот на Македонија, МАНУ и др. научни и културни институции.

Проф. Антолјак со својата фасцинантна наставно-научна дејност е вистински емисар на братството и единството на југословенските народи и народности. За тоа најдобро говори и Орденот на братството и единството со златен венец (1978 г.). За постигнатите крупни резултати сведочи и Орденот на трудот со црвено знаме (1968 г.)

Делата говорат за човекот. Мислата на Фридрих Шилер дека „со своите дела човекот се слика себеси“ се однесува и на проф. Антолјак чија стамена личност толку силно блика од неговото големо дело, достојно за респект.

Оттаму доаѓаат и врвните признанија на СР Хрватска и СР Македонија, Наградите „Божидар Аџија“ и „11 ОКТОМВРИ“. Оттаму, проф. Антолјак е удостоен и со редовно членство во МАНУ надвор од работниот состав.

Во овие свечени мигови, кога се осврнуваме на животописот на проф. д-р Стјепан Антолјак и неговото големо дело, се восхитуваме на неговата неисцрпна енергија, на неговиот младешки ентузијазам. Горди сме што го имаме.

На крајот, дозволете ми, од името на ННСГ за историја, од името на сите Вас, да му ја изразам нашата неизмерна благодарност за сѐ она што направи и прави за нас и искрено да му го честитам новото крупно постигање на историографски план, монументалната публикација „Средновековна Македонија“, со желби за добро здравје, лична среќа и нови научни резултати за доброто на сите нас, за просперитетот на нашата социјалистичка заедница.